ќавања на Коте Поп Стојанов, објавени во Ќустендил уште 1903 година. Дури еден од анкетираните тврди дека и сам лично се видел со Поп Стојановиот син во Ќустендил. Впрочем авторот на овие редови доби еден оригинален примерок од објавените сеќавања на Коте Поп Стојанов од еден учител од Делчевскиот крај кој примерок доста му послужи при пишувањето на неговата студија за Разловечкото востание во 1950 год.

Инаку, голема е заслуга на авторите Варжиновски и Јаќоски што доста вешто ја средиле и систематизирале собраната материја од преданијата и искажувањата на анкетираните лица со што постигнале не само хронолошки ред на настаните туку и до крајни граници јасен преглед на подготовките и текот на востанието. Зачувувајќи го изворниот јазик и стилот на раскажувачите, авторите на оваа книга даваат можност не само на историчарите, туку и на филолозите да се запознаат со особеностите на овој наш говор. Со еден збор речено гореспомнатава книга на Танас Вражиновски и м-р Воислав Јаќоски, ретка од овој вид во нашата литература, со своите достоинства заслужува да биде настолна книга не само на научниот работник туку и за секој читател што се интересира за светлите страници од недамнешното минато на македонскиот народ.

Љубен ЛАПЕ

## Д-р КРСТЕ БИТОСКИ: МАКЕДОНИЈА И КНЕЖЕВСТВО БУГАРИЈА (1893—1903), Скопје, 1977, 415.

Со појавата на оваа студија во издание на Институтот за национална историја во Скопје, историската наука е збогатена со уште едно значајно дело за Македонија од крајот на XIX и почетокот на XX век на чие изучување во поново време се работи систематски.

Во предговорот на книгата Битоски го подвлекува значењето на последиците од војната во 1876 — 1878 и Берлинскиот конгрес кои предизвикаа крупни територијални и политички промени на Балканот. Македонија тогаш стана периферна провинција на Османлиското царство. Балканските држави не беа задоволни од исходот на војната свртувајќи ги експанзионистичките погледи кон Македонија, стремејќи се да ја убедат цела Европа во оправданоста на своите претензии кон неа, интензивирајќи ја својата црквено-училишна пропаганда на територијата на Македонија настојувајќи за себе да го придобијат македонското население. Но, општествено-економскиот развој на Македонија водеше кон афирмација на македонскиот индивидуалитет и кон стремежот на македонскиот народ за национално-политички и културен развој во сопствената државно-правна заедница. Во тие услови се јавува Македонската револуционерна организација (МРО) која за цел го има обединувањето и да ги изврши идејно-организационите подготовки на експлоатираните маси за извојување слобода во Македонија. Во својата

програма тие ја истакнаа девизата: ослободување на Македонија може да се постигне само со внатрешно востание и со сопствени сили. Со создавањето на МРО започнува нов период во македонската историја. Реакцијата работеше на издвојување на масите од револуционерната организација и истата да ја компромитира. Изразувајќи ги ослободителните стремежи на македонскиот народ МРО да факто се претвори во негов легитимен претставник и директно ѝ се спротиставуваше на политиката и на стремежите на Бугарскиот двор за ширење на Бугарија во Македонија. Овој силен отпор спрема бугарските стремежи претставува една од најславните страници во историјата на национално-ослободителната борба на македонскиот народ.

Првата глава (11 — 34) зборува за организираноста на македонската емиграција во Бугарија и за нејзините први акции. Во неа најнапред е содржана политиката на Кнежевството Бугарија спрема Македонија до формирањето на МРО. Во тој период се испраќаат чети во Македонија за кревање востание и за јакнењето на сопственото влијание, а потоа се прикажува македонската емиграција во Бугарија. Битоски се задржува на бројката и положбата на таа емиграција. Се наведува дека за 10 години до 1888 во Кнежевството Бугарија се преселуваат околу 30.000 Македонци. Македонците заминуваат од својата татковина од економски причини. До 1903 бројот на македонските емигранти во Бугарија изнесува 45 — 50.000 луѓе. Во новата средина македонската емиграција релативно брзо и добро се снајде: во бугарската армија имаше околу 150 офицери, а во 1896 година — 955 службеници од вкупно 20.509 службеници во земјата. Натаму се укажува на формирањето на македонски емигрантски друштва во разни градови на Бугарија. Нивната активност е различна во разни периоди. Тие имаат силно влијание врз развојот на македонското национално-ослободително движење, а го покренаа и списанието „Лоза" против кое настапија бугарските весници.

Борбата на македонската интелигенција против бугарската пропаганда почна, и се водеше истовремено и во Македонија и во Бугарија. Се опишува и дејствувањето на македонските комитети. Во текот на 1894 се одржуваат низа митинзи на коишто се зборува за тешката положба на Македонија. Овие митинзи го разбрануваа јавното мислење не само во Бугарија, туку и во соседните балкански држави па и во Европа. На собранието, одржано на 29 декември 1894, е донесена одлука за собирање податоци за сите злосторства (злоупотреби) извршени над христијанското население во Македонија. За кратко време се формирани три друштва. Се работи и на формирањето на Врховниот македонски комитет (ВМК). Од 19 до 28 март 1895 година е одржан Конгрес на кој е донесена Одлука според која целта на македонските друштва е да работат на придобивање на населението во Македонија и Одринскиот крај за политичка автономија дадена и гарантирана од големите сили.

Втората глава го носи насловот: „Вооружените акции на Комитетот во Македонија 1895 година и нивните последици" (35—69).

Тука се зборува за испраќањето на четите, со кои командуваат главно бугарските офицери во Македонија. Непосредните резултати од тоа беа: од вкупно 600 лица, колку што беа уфрлени во Македонија, околу 70 беа убиени, а околу 65 заробени. Станува зоор и за одзивите за тоа Мелничко „востание" во Бугарија, на Балканот и во Европа. Посебно се нагласува настојувањето на големите сили за спречување на вооружената провокација во Македонија од територијата на некоја друга држава, па и овие објективно беа во интерес на Македонија. Владеачките кругови на српската и грчката влада не беа рамнодушни спрема оваа акција. Посебно беше жива кампањата во Грција, како во Парламентот така и во печатот, така и на митинзите. Се создавала атмосфера дека Грција е готова за евентуална војна со Турција и за примена на такви методи какви што веќе употребуваше бугарската буржоазија. Свесна дека треба да одржува добри односи со Портата, српската влада реагираше далеку посмирено. Станува збор и за односот на МРО спрема четничките акции. Четите, меѓутоа, сфатиле веднаш по преминувањето на границата дека од контактите со македонското население можеле да имаат само штета. Изнесени се и последиците од четничките акции кои биле катастрофални за македонскиот народ и Македонија како целина. Тогаш МРО вложува сериозни напори за организационо и идејно зацврстување. Иако не веднаш, МРО наскоро сфаќа дека комитските акции на Македонскиот комитет (МК) не можат да дадат никакви позитивни резултати. Социјалистите докажуваат дека Русија, Австрија и Бугарија, не можат да ја ослободат Македонија.

Во наредното излагање (71—76) се зборува за Вториот вонреден конгрес на македонската емиграција во Бугарија. Конгресот започнува на 3, а завршува на 16 декември 1895 година, што значи дека трае 13 дена. На конгресот особено им е посветено внимание на статутите и правилата на македонскиот комитет санкционирани на Првиот конгрес. Карактеристично е за овој конгрес дека крајот е крунисан со ресцеп меѓу делегатите.

Во четвртата глава (77—90) се опишува односот меѓу МРО, ВМК и владата на Стоилов. Посебно добро се опишани односите меѓу МРО и ВМК. Раководството на МРО во врска со искуството од 1895 година правилно ја сфаќа штетната улога што почна да ја игра македонскиот комитет во Софија во борбата за ослободување на македонскиот народ. Се работело на остварување соработка меѓу ВМК и ЦК МРО во Солун. Предлогот на ВМК е повеќе барање за покорност и послушност, отколку што апелира на соработка. ЦК МРО го прифаќа предлогот за доделување пушки и се добиени 3.000.

Петтата глава зборува за обидите за зближување на Бугарија со Србија и Грција по прашањето за Македонија. (91—102).

Бугарската влада сигурно знаела дека Грција и Србија не биле заинтересирани за издигање на Македонија во автономна област. Грчко-српските односи биле прилично ладни поради одбивање на Грчката цариградска патријаршија да ѝ даде олеснување на црквената пропаганда во Македонија, додека односите меѓу Србија и Бугарија се пријателски. На 17 февруари 1897 година српскиот крал е пречекан со највисоки почести во Софија, а исто така и испратен, а на 19 февруари 1897 година е потпишан договор меѓу двете држави. Тоа зближување се вршело под влијание и залагање на руската дипломатија, а особено на рускиот дипломатски претставник во Софија. Но, српските владеачки кругови не се занесувале со некакви илузии за можностите за искрени спогодби со својот сосед.

„Виничката провала и Бугарија“ (103 — 107) е предмет на натамошна обработка. Таа имала тешки последици за интересите на организацијата и населението, а во странство се зголемува интересирањето и чудењето. Вршејќи истрага по повод убиството на еден богат Турчин, турските власти откриле складиште со оружје. Турците ја откриваат нитката на организацијата. Околу 500 лица се уапсени, а десетмина се убиени. Турците шират гласови дека наводно пронашле 50.000 пушки! Со „Виничката провала“ на македонското национално ослободително движење му е нанесена огромна штета. Се врши терор, апсења и убиства, а околу 300 луѓе морале да побегнат од своите огништа.

Посебно се опишуваат трговските агенти во Македонија и нивната улога (109 — 117). Трговските агенти во Македонија се појавуваат како главни носители — спроведувачи на бугарската државна политика спрема Македонија. Тие воспоставуваат врска со егзархиската организација и со оној дел на богатото македонско население кое било готово за соработка и контакти со нив. Се зборува за владата на Стоилов, еден од твроците на великодржавничката анексионистичка политика спрема Македонија, за нејзиниот пад и за влошувањето на положбата на работните маси на Бугарија на преминот од XIX-от во XX-от век. Перманентно и систематски се убедувани бугарските маси дека „преку Рила“ постои бугарски народ кој живее во ропство и дека Грција и Србија ги вперуваат своите освојувачки погледи и така се создава атмосфера што ја олеснува милитаристичката политика на бугарската влада.

„Дејноста на друштвата и Врховниот македонски комитет“ е предмет на осмата глава (119 — 126). Тука се зборува за одржувањето на наредните конгреси, а посебно III, IV и V — 1896, 1897 и 1898 и резултатите од нивната работа. На V конгрес Гоце Делчев е избран за член на Врховниот комитет, со што се сакаше тој да се врзе за ВК од една страна, а од друга да се докаже дека во револуционерната организација и емигрантското раководство постои еднодушност. Но, Делчев изборот го одбива. Бугарската дипломатија почнувајќи од 1895 систематски работи на тоа да ја убеди Европа дека

она што го бара Македонија, го прави исклучиво под влијание на македонската емиграција во Бугарија и дека нема сили да преземе поригорозни мерки за спречување на комитската дејност. Меѓутоа, бугарската влада и ВК знаеја дека со својата политика само ѝ даваат материјал на Портата за да го оправда засилувањето на теророт во Македонија и да преземе мерки од воен карактер кои во значителна мера го усложнуваат развојот на револуционерното движење.

„Зближување и соработка меѓу Македонската револуционерна организација и Врховниот комитет 1899—1901", се опишуваат во деветтата глава (127—154). Меѓу ВК и претставникот на МРО — Гоце Делчев и Ѓорче Петров на 13 февруари 1898 година е одржан состанок на кој е разгледано прашањето на односите меѓу Комитетот и Револуционерната организација. Делчев и Петров го предложија проектот на соработката кој бил одобрен од ВК на чело со Станишев и е решено да му се испрати на одобрување на ЦК МРО. Но, противниците на соработката со МРО во емигрантската организација, дејствуваат. И покрај опозицијата имаше период кога се остваруваше соработка меѓу МРО и македонската емиграција во Бугарија што се огледа во давање материјална помош на МРО. На VII конгрес доаѓа до изгладување на несогласувањата и е одобрен буџет од 450.000 лева што за тоа време претставуваше голема сума. Но, наскоро по Конгресот почнуваат да избиваат на површина принципиелните разлики што постоеја меѓу македонското ослободително движење и ВК и кои со формирањето на Комитетот на Сарафов, ниту беа, ниту можеа да бидат изгладени, туку само привидно потиснати. Делчев и Петров го предупредуваат населението на Македонија да се чува од луѓето што доаѓаат од Бугарија. Но, комитетот на Сарафов е многу активен и се создава впечаток меѓу балканските држави дека во Бугарија се подготвува завера со цел да се наруши статусквото во Македонија во корист на бугарската држава. Поради тоа рускиот дипломатски претставник во Софија, отворено бара од Сарафов да поднесе оставка. По дипломатскиот притисок, на 9 март 1901 година им е забрането на агентите на ВК да собираат помош без оглед на тоа дали таа се врши на сила или доброволно, освен ако е вршена меѓу членовите на македонските друштва.

Во десеттата глава се опишува формирањето на новиот ВК и расцепот во редовите на македонската емиграција. (155—170). Во тоа време генерал Гончев официјално е поттикнат од ВК да поднесе оставка во бугарската Армија и заедно со своите другари да влезе во Комитетот. Од 4 до 8 април 1901 година е одржан Осмиот вонреден „Македонски" конгрес на кој беше очевидно огромно влијание на Гоце и другите приврзаници на МРО на македонската емиграција и бугарските активисти, што ги присилува за момент иако формално, да се солидаризираат со концепциите на македонското револуционерно движење и неговите огорчени непријатели како што се оние во лагерот на Гончев.

На VIII конгрес е направен обид за „помирување“ на новиот ВК и претставниците на МРО. Тогаш Гончев не е избран ни за обичен член. Неколку месеци по VIII конгрес се одржува IX и тоа во јули 1901 година. Тогаш е извојувана крупна морална победа на МРО против врховистичката политика на комитетот во Бугарија. Но, изборот на Гончев во ВК потврдува дека таа нема да биде почитувана. За претседател на Комитетот на IX конгрес е избран Михаиловски — познат бугарски писател, но неговиот вистински раководител е потпретседателот генералот Гончев.

„Политиката на Михаиловски — Гончев спрема македонската револуционерна организација и спрема Македонија и борбата против неа“, е предмет во IX глава (171 — 211). Тука прво се зборува за обидите на ВК да го потчинат МРО и да завладеат со нејзината територија. За таа цел се испраќаат чети и писма во Македонија. ВК ја започнува отворената борба против МРО, Македонија и против нејзините приврзаници во Бугарија. Понатаму се прикажува борбата на македонските револуционери во Бугарија против ВК. МРО одлучил да отпочне жестока идеолошка кампања против ВК во самата Бугарија. Приврзаниците на МРО во Бугарија својата антиврховистичка кампања формално ја базираат на конгресната директива и тие ВК го прогласуваат за виновник и предизвикувач на сите афери во Македонија. Во последните месеци од 1901 година фронтот почнува брзо да се шири против врховистичката политика на комитетот Михаиловски — Гончев. Во почетокот на 1902 година околу 15 друштва одбиваат да го признаат ВК и ја осудуваат неговата активност, други пак не му испраќаат помош, додека третите навестуваат дека својата материјална помош ќе почнат директно да ја испраќаат на МРО. Најочигледен расцеп во македонската емиграција бил во големите градови. Во исто време комитетот на Михаиловски — Гончев ги прогласува за непријатели на ослободителното движење сите оние кои ја критикувале неговата политика. Така, Комитетот што го избра македонската емиграција за да ѝ помага на МРО, во нејзината борба за слобода, не избирајќи средства се бори за нејзино потчинување и уништување. Исто така се опишува и борбата против врховистичките инфилтрирања во Македонија Во првата половина на 1902 година врховистичките чети и агитатори настојувале да го одвојат населението од МРО и да го потчинат на сопствената врховистичка политика. Врховистите се служеле со средства кои МРО, поради своето револуционерно достоинство, не можела да ги применува. И покрај силните отпори на МРО врховистите успеале да стекнат извесни позиции во некои погранични краишта кон Бугарија.

Во XII глава (213—230) е опишан „македонскиот“ Конгрес одржан во јули 1902 година кога се формирани два комитета и тоа: еден на чело со Станишев, а другиот на чело со Михаиловски — Гончев кој наскоро по Конгресот го продолжува и забрзува курсот на формирање чети за кревање востание во Македонија и по-

крај решителниот отпор и несогласувањата во МРО.

Обработено е прашањето на Фирмилијан во Бугарија (231 — 236) кое во врска со напорите Србија да извојува црковна организација во Македонија што би носела српско национално име. Бугарија организира широка акција како кај Портата, а истовремено настојува да ја заинтересира и европската дипломатија, одржува митинзи во сите поголеми места во Бугарија, а најголемиот е во Софија со цел да го спречи поставувањето на Фирмилијан. Меѓутоа, основното барање на револуционерната организација било автономна и слободна Македонија.

Во XIV глава (237 — 260) е опишано врховистичкото востание во 1902 година, како и условите во Македонија пред неговото изведување. ВК ја испратил четата на Јанков во Леринско и Костурско. Тој настапува против МРО и агитира за востание. Но, органите на МРО брзо интервенираат и успеваат да го спречат избивањето на ужасното изолирано и непотребно востание. Се зборува уште и за одзивот на акцијата на Јанков во Бугарија, кој се враќа во Бугарија, по покана од земјата. Се опишува и вооружената акција на врховистите со кои раководи генералот Гончев, доаѓањето на врховистички чети во Македонија и теророт над населението, кое одбива да им се приклучи. Портата организира терор над оние кои доброволно или присилно учествувале во востанието. Нарочно е тешка состојбата на оние кои пребегнале во Бугарија.

Одзивот на врховистичкото — Џумајско востание од 1902 година во балканските земји, а особено во Грција каде што тоа е позначајно, бидејќи и грците испраќаат свои чети под паролата: „Да се спаси грцизмот од ѕверствата на Бугарите“, за разлика од Србија каде што не се забележува посебно реагирање, е предмет на наредното излагање. Се зборува и за одзивот кај големите сили и ставот на МРО спрема него. (261 — 285). Се констатира дека врховистите во ова „востание“ не добиваат помош од народот, бидејќи тој бега во планините и дека ова „востание“ е слично на она од 1895 кое ѝ нанесе огромна штета на националноослободителната борба на македонскиот народ и дека не му задало удар на Турците, туку на Македонија и на нејзините идеали и негативно се одразило и на Илинденското востание.

Станува збор и за мисијата на министерот за надворешни работи Лансдорф во Софија (г. XVI стр. 287 — 291) кој смета дека балканското прашање треба да го решат големите сили, а не балканските држави и дека Македонија и припаѓа не само на Бугарија, туку и на Србија.

Опишани се и обидите за спогодба и соработка меѓу МРО и Комитетот на Михаиловски — Гончев (293 — 302). И се подвлекува дека Делчев и Петров не барале да имаат врска со генералот Гончев иако во принцип не биле против „помирување“.

Во XVII глава се опишува забраната на македонската емигрантска организација во Бугарија (303 — 316) до која најмногу доаѓа поради безбедноста на Бу-

гарија, бидејќи било познато дека наведената организација подготвувала востание во Македонија без оглед на готовноста на народот и на меѓународната ситуација. МРО забраната ја прифатила со одобрување и олеснување.

Во последната XIX глава е прикажан односот на Бугарија спрема Илинденското востание (317 — 363). Првин се зборува за формирањето на новата бугарска влада и нејзиниот однос кон Турција, и спрема Илинденското востание, како и ставот на Турција и големите сили спрема него. Посебно се подвлекува дека е против радикалните мерки кога станува збор за реформата, а владеачките кругови на Турција против секакво прифаќање на реформи диктирани од надвор, бидејќи тоа ќе претставува повреда на суверенитетот на земјата. Битоски прикажува и како изгледа официјална Бугарија во времето од Илинденското востание од 1903 година. Станува збор и за Врховниот комитет и Илинденското востание и ставот на македонската емиграција во Бугарија спрема илинденските настани во Македонија.

Книгата содржи заклучок (365 — 375), кој е преведен на руски (377 — 387) и англиски јазик (389 — 399). Делото содржи и преглед на најважните извори и литература (403 — 405) како и регистар на лични имиња (407 — 412).

Со мислење сме дека делото треба да има наслов „Односите меѓу МРО, односно меѓу Македонија и Бугарија од 1893 до 1903" бидејќи тоа навистина и е дадено, додека под овој наслов би требало многу повеќе да се зборува за општествено-економската положба на обете земји во назначениот период. Сепак од прикажаното се гледа дека се поставени многубројни проблеми со познавање и научно обработени со уочување на битните етапи во развитокот и причините и последиците на некои настани, и процеси. За истакнување е убавиот јазик и стилот со кој авторот го напишал ова дело.

М-р Милица С. БОДРОЖИК

Превела од српски јазик

Марица СЕРАФИМОВА

**ГЛАСНИК бр. 2, год. XX, Скопје, 1976, 309. — ИНИ.**

Во текот на 1976 година Институтот за национална историја — Скопје го издаде вториот број на списанието „Гласник".

Вториот број на „Гласник"-от на своите 309 страници ги опфаќа постојните рубрики *Статии и прилози, Материјали, Сеќавања, Критики, Рецензии и прикази, Научни собири и соопштенија.* Во него се третираат теми главно од областа на народноослободителната борба на југословенските народи и народности, како и од блиското македонско национално-револуционерно движење.

Рубриката *Статии и прилози* има 10 написи.

*За некои основни стратегиски концепции на Народноослободителната војна и Револуцијата на Југославија* е првата статија, чиј автор е Михајло Апостолски. Во неа се разгледуваат следниве основни стратегиски концепции на